РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-49/4
26.03. 2024 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 72 седница одржана на 28.02.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Машински дизајн и производство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип**

1. Се акредитира студиската програма „Машински дизајн и производство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев" Штип, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).
2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.
3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран машински инженер, машински дизајн и производство /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of Mechanical Engineering, Mechanical design and manufactoring NQF VI A.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко - технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 214 Машинство 211 Индустриско инженерство и менаџмент 213 контрола на квалитет 215 Материјали 218 Регулација и управување со технолошки процеси Научно – истражувачка област: 21400 Општо машинство, проектирање и машински конструкции 21401 Машински елементи и технички системи 21403 Производно машинство, технологии и системи 21403 производно машинство. Технологии и системи 21409 Заварување и технологии на заварување 21413 Транспортна механизација 21417 Техничка механика и механика на цврсто тело 21422 Автоматика 21424 Друго 21100 Методи на анализа на струкута и ункционирање на претпријатие 21105 Организација на технолошки провеси 21108 Индустриска динамика 21801 Моделирање, симулација и анализа на комплексни контролни системи 21500 Машински материјали.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 30 студенти.
5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 0201-127/2 од 25.01.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Машински дизајн и производство", прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев" Штип, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.0809-135/1 од 29.01.2024 година (наш бр. 08 - 49/1 од 29.01.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 71-та седницата одржана на 30.01.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 - 49/3 од 19.03.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 72-та седница одржана на 28.02.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова